# Службен гласник
## на Општина Штип

Службен гласник
на Општина Штип
Излегува по потреба

Број 4
8 април 2026 година

СОДРЖИНА

| Р. бр. | | страна |
|---|---|---|
| 196. | Решение за објавување на Одлука за кофинансирање на проект ,,Регионален центар за згрижување на кучиња скитници и ветеринарно здравство во Источен плански регион”. | 304 |
| 197. | Одлука за кофинансирање на проект ,,Регионален центар за згрижување на кучиња скитници и ветеринарно здравство во Источен плански регион”. | 304 |
| 198. | Решение за објавување на Одлука за давање донација на касарна ,,Јане Сандански” – Штип. | 305 |
| 199. | Одлука за давање донација на касарна ,,Јане Сандански” – Штип. | 306 |
| 200. | Решение за објавување на Одлука за одбрување на финансиски средства на Даниел Христов за учество на меѓународна олимпиада по хемија во Москва, Русија. | 306 |

| | | |
|---|---|---|
| 201. | Одлука за одбрување на финансиски средства на Даниел Христов за учество на меѓународна олимпиада по хемија во Москва, Русија. | 307 |
| 202. | Одлука за определување на надоместок на претседателот, заменикот претседател, членовите нивните заменици, секретарот и заменик секретарот на општинската изборна комисија штип кои спровеле гласање во казнено поправни домови за повторени избори за градоначалник. | 307 |
| 203. | Правилникза измена на правилникот за утврдување на плати, додаток на плати и надоместоци на плати на вработените кои вршат административно-технички работи, помошни работи и професионални пожарникари во Општина Штип. | 309 |

196.

Врз основа на член 50 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ број 05/02) и член 37 став 1 од Статутот на Општина Штип („Службен гласник на Општина Штип“ број 01/03, 18/07, 11/08, 07/09, 16/09, 04/11, 13/14 и 5/21), донесувам

Р Е Ш Е Н И Е
ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКА ЗА КОФИНАНСИРАЊЕ НА ПРОЕКТ
,,РЕГИОНАЛЕН ЦЕНТАР ЗА ЗГРИЖУВАЊЕ НА КУЧИЊА СКИТНИЦИ
И ВЕТЕРИНАРНО ЗДРАВСТВО ВО ИСТОЧЕН ПЛАНСКИ РЕГИОН”

I

Се објавува Одлука за кофинансирање на проект ,,Регионален центар за згрижување на кучиња скитници и ветеринарно здравство во Источен плански регион”.

II

Ова Решение влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Штип“.

Број 09-2699/2 | Општина Штип
8 април 2026 година | Градоначалник

Ш т и п | Иван Јорданов, с.р.

197.

Врз основа на член 46 и член 21 став 1 точка 25 од Статутот на Општина Штип(„Службен гласник на Општина Штип“ број 01/03, 18/07, 11/08, 07/09, 16/09, 04/11, 13/14 и 05/21), Советот на Општина Штип на седницата одржана на 8 април 2026 година, донесе

ОДЛУКА
ЗА КОФИНАНСИРАЊЕ НА ПРОЕКТ ,,РЕГИОНАЛЕН ЦЕНТАР
ЗА ЗГРИЖУВАЊЕ НА КУЧИЊА СКИТНИЦИ И ВЕТЕРИНАРНО
ЗДРАВСТВО ВО ИСТОЧЕН ПЛАНСКИ РЕГИОН”

Член 1

Општина Штип одобрува финансиски средства во износ од 61.133,00 денари за кофинансирање на проект „Регионален центар за згрижување на кучиња скитници и ветеринарно здравство во Источен плански регион”.

Член 2

Средствата од член 1 на оваа Одлука ќе се обезбедат од Буџетот на Општина Штип за 2026 година, а ќе се исплатат на сметка на Центар за развој на источен плански регион, за изработка на физибилити студија и техничка документација.

Член 3

Оваа одлука стапува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Штип“.

Број 08 – 2699/1 Совет на Општина Штип
8 април 2026 година Претседател,

Ш т и п Весна Кожинкова, с.р.

198.

Врз основа на член 50 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ број 05/02) и член 37 став 1 од Статутот на Општина Штип („Службен гласник на Општина Штип“ број 01/03, 18/07, 11/08, 07/09, 16/09, 04/11, 13/14 и 5/21), донесувам

Р Е Ш Е Н И Е
ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКА ЗА ДАВАЊЕ ДОНАЦИЈА
НА КАСАРНА ,,ЈАНЕ САНДАНСКИ” – ШТИП

I

Се објавува Одлука за давање донација на касарна ,,Јане Сандански” – Штип.

II

Ова Решение влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Штип“.

Број 09- 2700/2 Општина Штип
8 април 2026 година Градоначалник

Ш т и п Иван Јорданов, с.р.

199.

Врз основа на член 48 и член 21 став 1 точка 25 од Статутот на Општина Штип(„Службен гласник на Општина Штип“ број 01/03, 18/07, 11/08, 07/09, 16/09, 04/11, 13/14 и 5/21), Советот на Општина Штип на седницата одржана на 8 април 2026 година, донесе

ОДЛУКА
ЗА ДАВАЊЕ ДОНАЦИЈА НА КАСАРНА
,,ЈАНЕ САНДАНСКИ” – ШТИП

Член 1

Со оваа одлука Општина Штип донира 25 улични светилки, сопственост на Општината на касарната „Јане Сандански“ Штип.

Член 2

Оваа одлука стапува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Штип“.

Број 08 – 2700/1
8 април 2026 година

Ш т и п

Совет на Општина Штип
Претседател

Весна Кожинкова, с.р.

200.

Врз основа на член 50 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ број 05/02) и член 37 став 1 од Статутот на Општина Штип („Службен гласник на Општина Штип“ број 01/03, 18/07, 11/08, 07/09, 16/09, 04/11, 13/14 и 5/21), донесувам

Р Е Ш Е Н И Е
ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКА ЗА ОДБРУВАЊЕ НА ФИНАНСИСКИ СРЕДСТВА НА ДАНИЕЛ ХРИСТОВ ЗА УЧЕСТВО НА МЕЃУНАРОДНА ОЛИМПИЈАДА ПО ХЕМИЈА ВО МОСКВА, РУСИЈА

I

Се објавува Одлука за одбрување на финансиски средства на Даниел Христов за учество на меѓународна олимпиада по хемија во Москва, Русија.

II

Ова Решение влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Штип“.

Број 09-2701/2
8 април 2026 година

Штип

Општина Штип
Градоначалник

Иван Јорданов, с.р.

201.

Врз основа на член 46 и член 21 став 1 точка 25 од Статутот на Општина Штип („Службен гласник на Општина Штип” број 01/03, 18/07, 11/08, 07/09, 16/09, 04/11, 13/14 и 5/21), Советот на Општина Штип на седницата одржана на 8 април 2026 година, донесе

ОДЛУКА
ЗА ОДБРУВАЊЕ НА ФИНАНСИСКИ СРЕДСТВА НА ДАНИЕЛ ХРИСТОВ
ЗА УЧЕСТВО НА МЕЃУНАРОДНА ОЛИМПИЈАДА
ПО ХЕМИЈА ВО МОСКВА, РУСИЈА

Член 1

Се одобруваат финансиски средства за учество на Меѓународна олимпијада по хемија во Москва, Русија од Даниел Христов во висина од 60.000,00 денари.

Член 2

Средствата од член 1 на оваа Одлука ќе се исплатат од Буџетот на Општина Штип за 2026 година.

Член 3

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Штип”.

Број 08 – 2701 /1
8 април 2026 година

Штип

Совет на Општина Штип
Претседател

Весна Кожинкова, с.р.

202.

Врз основа на член 37 став 4 точка 5 од Изборниот законик („Службен весник на РМ“, број 40/06, 136/08, 148/08, 155/08, 163/08, 44/11, 51/11, 54/11, 142/12, 31/13, 34/13, 14/14, 30/14, 196/15, 35/16, 97/16, 99/16, 136/16, 142/16, 67/17, 125/17, 35/18, 99/18, 140/18, 208/18, 27/19 и „Службен весник на РСМ“, број 98/19, 42/20, 74/21, 215/21, 58/24, 76/24, и 116/24), а во врска со Правилникот за критериумите за определување на надоместок на членовите на

изборните органи и изборната администрација кои спровеле гласање во Казнено поправните домови или гласање во установи за вонсемејна грижа на територијата на општини каде се спроведуваат повторни избори за градоначалник или избори за членови на совет на друга општинасо број 08-584/1 од 26.02.2026 година Општинската изборна комисија Штип на седницата одржнана на 04.03.2026 година ја донесе следната:

## О Д Л У К А
## ЗА ОПРЕДЕЛУВАЊЕ НА НАДОМЕСТОК НА ПРЕТСЕДАТЕЛОТ, ЗАМЕНИКОТ ПРЕТСЕДАТЕЛ, ЧЛЕНОВИТЕ НИВНИТЕ ЗАМЕНИЦИ, СЕКРЕТАРОТ И ЗАМЕНИК СЕКРЕТАРОТ НА ОПШТИНСКАТА ИЗБОРНА КОМИСИЈА ШТИП КОИ СПОРОВЕЛЕ ГЛАСАЊЕ ВО КАЗНЕНО ПОПРАВНИ ДОМОВИ ЗА ПОВТОРЕНИ ИЗБОРИ ЗА ГРАДОНАЧАЛНИК

### Член 1

Со ова Одлука се определува надоместокот на Претседателот, заменикот претседател, членовите и нивните заменици, секретарот и заменикот секретар на Општинската комисија Штипкои спровеле гласање на повтрените избори за градоначалник во Казнено поправен дом Штип.

### Член 2

На претседателот на Општинската изборна комисија Штип му се определува надоместок во висина од 3.000,00 денари.

На членовите на Општинската изборна комисија Штип и се определува надоместок во висина од 2.500,00 денари

На заменицитe членови на Општинската изборна комисија и се определува надоместок во висина од 2.500,00 денари

### Член 3

Надоместок од Член 2 од ова Одлука е определен само за лицата кои се дел од Општинската изборна комисија Штип кои на денот на гласањето во Казено поправен дом Штип за повторените избори за градоначалник беа работно ангажирани.

### Член 4

Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општината Штип“.

Број 11-134/3
04.03.2026 година
Ш т и п

Општинска изборна
комисија Штип
П Р Е Т С Е Д А Т Е Л
Виктор Вацев, с.р.

203.

Врз основа на член 50 став 1 точка 14 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ број 05/02 и Службен весник на Република Северна Македонија 202/24), член 14 од Законот за вработените во јавниот сектор („Службен весник на Република Македонија“ број 27/2014, 199/2014, 27/2016, 35/2018 и 198/2018 и Службен весник на Република Северна Македонија број 143/19, 14/20 и 208/24) и член 36 став 1 алинеја 9 од Статутот на Општина Штип („Службен гласник на Општина Штип” број 01/03, 18/07, 11/08, 07/09, 16/09, 04/11,13/14,08/20 и 05/21), Градоначалникот на Општина Штип донесе:

П Р А В И Л Н И К
ЗА ИЗМЕНА НА ПРАВИЛНИКОТ ЗА УТВРДУВАЊЕ НА ПЛАТИ, ДОДАТОК НА ПЛАТИ И НАДОМЕСТОЦИ НА ПЛАТИ НА ВРАБОТЕНИТЕ КОИ ВРШАТ АДМИНИСТРАТИВНО-ТЕХНИЧКИ РАБОТИ , ПОМОШНИ РАБОТИ И ПРОФЕСИОНАЛНИ ПОЖАРНИКАРИ ВО ОПШТИНА ШТИП

Член 1

Со овој Правилник се врши измена во Правилникот за утврдување на плати, додаток на плати и надоместоци на плати на вработените кои вршат административни- технички работи и помошни работи во Општина Штип ( Службен гласник на Општина Штип бр.12/23 и Службен гласник на Општина Штип 04/25).

член 2

Во Правилникот за утврдување на плати, додаток на плати и надоместоци на плати на вработените кои вршат административно технички работи и помошни работи во Општина Штип (Службен гласник на Општина Штип бр.12/23 и Службен гласник на Општина Штип 04/25) членот 4 се менува и гласи:

**Група II - Работни места на овластени службени лица во областа на безбедноста, одбраната и разузнавањето**

**Подгрупа 10**

| Р.бр. | Назив на работното место | Бодови |
|---|---|---|
| 1. | Командир на ТППЕ | 738 бода |
| 2. | Командир на одделение | 657 бода |
| 3. | Пожарникар спасител- водач на група | 617 бода |
| 4. | Пожарникар спасител | 582 бода |

**Група IV работни места на помошно- технички лица**

**Подгрупа 1-** помошно технички лица за одржување на објектите и на опремата

| Р.бр. | Назив на работното место | Бодови | Степен на сложеност |
|---|---|---|---|
| 1. | Одржувач на хигиена | 516 бода | 1,04 |
| 2. | Одржувач на хигиена во ТППЕ | 516 бода | 1.04 |
| 3. | Одржувач на систем за греење | 522 бода | 1.15 |

**Подгрупа 3** – помошно- технички лица за превоз на лица и опрема

| Р.бр. | Назив на работното место | Бодови | Степен на сложеност |
|---|---|---|---|
| 1. | Возач на автобус | 522 бода | 1.15 |

**Подгрупа 4**-помошно- технички лица во кујна или во хотелско- угостителски објект

| Р.бр. | Назив на работното место | бодови | Степен на сложеност |
|---|---|---|---|
| 1. | Послужувач на пијалоци и одржување хигиена во кабинетот на градоначалникот и претседателот на советот | 522 бода | 1.04 |

**Подгрупа 5** други помошно технички лица

| Р.бр. | Назив на работното место | Бодови | Степенна сложеност |
|---|---|---|---|
| 1. | Координатор на достава –курир | 749 бода | 1.10 |
| 2. | Курир | 516 бода | 1.07 |
| 3. | Умножувач ( копирант) | 516 бода | 1.07 |
| 4. | Домаќин | 693 бода | 1.07 |
| 5. | Работник за давање на податоци-информации | 538 бода | 1.07 |
| 6. | Графички оператор за обработка, доработка и контрола | 538 бода | 1.07 |
| 7. | Помошно- технички персонал | 516 бода | 1.07 |

**Член 5**

Вредноста на бодот на вработените од II група изнесува 81,60 денари.
Вредноста на бодот на вработените од IV група изнесува 81,60 денари.

**Член 6**

Овој Правилник ќе се објави во „Службен гласник на Општина Штип”, а ќе се применува за исплата на плата за месец март 2026 година.

| | |
|---|---|
| Број 09-222/ | Општина Штип |
| 27.03.2026 година | Градоначалник |
| Ш т и п | Иван Јорданов, с.р. |